**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Сто и шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 април 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 116-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Марјан Ѓорчев, Љупчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Ќедев, Али Ахмети, Фазли Велију, Теута Арифи, Мендух Тачи, Јанаки Витановски, Рафит Мумуиновиќ и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 48-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на закон е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за води.

Бидејќи имаме 33 пратеници потпишани, значиприсутни, објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата продолжи со работа во 11,32 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

10 минути кворум, одбројуваат.

Сега во салата присуствуваат 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за води.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, 55 гласале, 50 за, нема воздржани, 5 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлог на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, 56 гласале, 51 за, 1 воздржан, 4 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачите на законот поднесоа амандман на член 1 во воведната реченица на став 2, став 2 алинеја 3 и за менување на став 3 и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ејуп Рустеми и Абдулаќим Адеми поднесоа амандман на член 2 за додавање нов член 133-а по членот 133, по кој предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов член 133-а по членот 133, поднесен од пратениците Ејуп Рустеми и Абдулаќим Адеми.

Го молам еден од предлагачите на законот да се произнесе.

Прв на списокот е потпишан господинот Владо Паунков.

Повелете господине Паунлов.

**Владо Паунков:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни 54 гласале, 48 за, нема воздржани, 6 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за водите.

**Минуваме на точка 49 - Предлог за донесување на закон за земјоделство.**

Предлогот за донесување на закон и Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, Дописот на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата, ви се доставени односно поделени.

Предлагачи се група на пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за земјоделство.

2.Предлагачите на законот, пратениците Марјан Ѓорчев, Михајло Ѓеорѓиевски, Ванчо Стаменков и Аднан Ќахил, ќе изготват и на Собранието ќе му доставаат Предлог на закон за земјоделство, при што ќе ги имаат предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и

водостопанство и од расправата на седницата на Собраниеот на Република Македонија.

3.Овој заклучок заедно со Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, стенографските белешки, кои ги нема, од расправата на седницата на Собранието, да се достави до пратенциите Марјан Ѓорчев, Михајло Ѓеорѓиевски, Ванчо Стаменков и Аднан Ќахил.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни 56 гласал, 12 за, 1 воздржан, 43 против.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои предложениот заклучок.

**Минувам ена точка 50 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон.**

Законот е предложен од група пратеници.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон, Мислењето на Владата и дописите на Комисијата за финансирање и буџет и на Законодавно-правната комисија, вис е доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот и на Собраниеот му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за додадена вредност.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни 58 гласал, 8 за, 3 воздржан, 47 против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точка 51 - Предлог за донесување на закон за ограничување на потрошувачката на тутунски производи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дописот од ЗПК, ви се доставени.

Отворма претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот и на Собраниеот му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ограничување на потрошувачката на тутунски производи.

Се извинувам, не видов. Госпоќа Ивановска на време се пријавувајте за збор.

Повелете.

**Лилјана Ивановска:** Претседателе се пријавив за збор, меѓутоа вие доцна реагиравте.

Од името на предлагачите, го повлекувам законот за ограничување на потрошувачката на тутунски производи, бидејќи во меѓувреме настанаа измени и се донесе Законот за тутун и подзаконските акти во делот на Законто за забрана на пушење.

Значи од име на предлагачите го повлекувам законот.

**Љупчо Јордановски:** Законот е повлечен.

**Минуваме на точка 52-Барање за давање автентично толкување на член 77, а во врска со одредбите на Глава 5 "Реализација на залогот" од Законот за договорен залог, поднесено од пратениците Славица Грковска и Ангел Димитров.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија, ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентично толкување на членот 77 а во врска со одредбите на Глава 5 "Реализација на залогот" од Законот за договорен залог, поднесено од пратениците Славица Грковска и Ангел Димитров, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овие одредби, од причинисодржани во Извештајот на ЗПК на Собраниеот на Република Македонија.

2.Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собраниеот на Република Македонија, да се достави до пратениците Славица Грковска и Ангел Димитров.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни 50 гласал, 47 за, 3 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 53 - Информација за штетните последици по лозарството и винарството во Република Македонија предизвикани со блокадата на Винарската визба "Тиквеш" А.Д.-Кавадарци.**

Законот е поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Информацијата и Мислењето на Владата ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучоците содржани во Инфорамцијата, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни 56 гласале, 55 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

**Минуваме на точка 35 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работнит етела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Којзеклиска, повелете.

**Марија Којзеклсика**: Благодарам претседателе.

Јас би сакала да зборувам, но претставник од Министерството за економија, како предлагач на законот, нема. Не знам дали ќе може да ги слушне моите сугестии и забелешки.

**Љупчо Јордановски:** Се водат стеногравски белешки и ние ќе ги испратиме. Ние повеќе не можеме никого да молиме. Ако сакате искажете се.

**Марија Којзеклиска:** Претседателе можеби и амандмански ќе реагира Министерството за економија.

**Љупчо Јордановски:** Кога ќе додјат амандманите...

**Марија Којзеклиска:** Врз основа на она што јас ќе гокажам, можеби амандмански ќе реагира.

**Љупчо Јордановски:** Инсистирате за претставник?

**Марија Којзеклсика:** Нормално дека ќе инсистирам за претставник.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам 30 минути пауза за да се повика претставникот од Министерството за економија.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,27 часот).

**Љпчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска имате збор, претставникот на Владата е тука, повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Искрено да ви кажам колеги, јас сум зачудена од несериозноста на Министерството за економија за закон што го предлага токму тоа Министерство. Еве втор пат веќе, претставниците на Министерството за економија или доцнат или не се информирани дека нивниот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавно претпријатие е на дневен ред. Или, не е важно или некој друг ги натерал ваков закон за јавни претпријатија да поднесат. Ќе ви образложам зошто.

Кога ќе го погледнете целиот текст на законот за јавни претпријатија, ако не сте заборавиле, со оглед на тоа дека ова е осмо продолжение на 116-та седница, само едно може да се констатира дека со овој закон се бараат определени суштински или се нудат определени суштински измени. Од друга страна, самиот предлог или самиот текст на Предлогот на законот е страшно конфузен. Има премногу измешани членови, има несистематизираност во главите, недефинираност на она што се сака да се прецизира со овој закон, а тоа е што е јавно претпријатие. Еве, ќе ви кажам зошто.

Ако го погледнете членот 1 од самиот Предлог за донесување на закон за измени и дополнувања, јавни претпријатија може да се основаат заради вршење на дејности од јавен интерес.

Во членот 2 од Предлоот имате дефиниција дека дејности од јавен интерес се дејности или одделни работи од дејностите со кои што се остварува јавниот интерес. Мене не ми е јасна оваа одредба.

Па, имате дејности од јавен интерес ги вршат јавните претпријатија или друштва на кои што им е доверено вршењето на дејностите од јавен интерес.

Значи, имаме прво непрецизни дефиниции. Дали се работи за јавно претпријатие што врши дејности од јавен интерес? Па има друштва на кои им е доверено вршењето на дејности од јавен интерес, па имаме трет вид на јавни претпријатија, дефинирани во членот 8-в во кои имаме јавни претпријатија и друштва што, меѓу другото, вршат и дејности од јавен интерес.

Значи, три различни формулации се движат низ целиот текст на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија и, искрено да ви кажам, не знам на кои јавни претпријатија се однесува овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија. Тоа е во делот на конфузноста на одредбите што постојат во самиот Предлог за донесување на закон.

Е сега, да се вратам малку на она што претставува дејности од јавен интерес, она што е дефинирано во членот 2. Значи, дејности од јавен интерес се дејностите или одделни работи од дејностите со кои се остварува јавениот интерес. Верувам дека ќе се согласите со мене дека ова претставува една многу широка формулација, многу широка одредба, ако се земе во предвид она што беше предвидено и дека овој закон се однесува на јавните претпријатија и што ги основа Владата, но и на јавните претпријатија што ги оснива општината, односно Градот Скопје.

Да не заборавиме дека според Законот за локална самоуправа постои точно прецизиран член во кој се наведуваат надлежностите на општините што се однесуваат на вршењето на дејности од јавен интерес. Јас разбирам дека Министерството го предлага овој закон за јавни претпријатија и за оние јавни претпријатија што ќе бидат основани од Владата, и другите и за оние што ќе бидат основани од Владата а се постојни, на кои што се однесуваат сметководствените и

финансиските обврски што ќе ги имаат за наинот на водењето на нивните финансии, но мораме да прецизираме или да упатиме на одредена одредба, определена норма што е непосредно врзана со јавните претпријатија што ги основала општината, односно Градот Скопје. Ќе повторам, тоа е Законот за локална самоуправа, каде што децидно, во членот 19, ако ме држи добро меморијата, е наведено сето она што претставува надлежност на општината во делот на вршењето на дејностите од јавен интерес.

Иако во причините за донесување на законот е наведено дека со измените на Законот од 2002 година се поставени основите за комерцијализација и либерализација на јавните претпријатија, а со тоа и нивна приватизација, иако е наведено дека од досегашното искуство произлегол фактот дека рентабилноста и продуктивноста на јавните претпријатија е прилично ниска и очигледна е потребата од реформи, ќе се согласам со Предлогот на законот само во делот на нормите што укажуваат на начинот на финансиското работење на јавните претпријатија, независно дали се основани од Владата или се основани од општините, односно од Градот Скопје, заради усогласување на Методологијата на определување или на изработување на финансиските извештаи што се должни да ги прават јавните претпријатија.

Но, во останатиот дел, на она што е предвидено во Предлогот за измена и дополнување на законот, апсолутно не можам да се согласам дека овој и ваков предлог би бил основан за реформи, заради поуспешна комерцијализација, или приватизација на јавните претпријатија.

Во членот 2-а, што се додава како нов член, ќе ви кажам зошто сметам дека тоа не е така, затоа што во ставот 2 од членот 2-а се вели дека јавните претпријатија и друштвата имаат еднаков третман во вршењето на услугите од јавен интерес, освен поради посебен интерес, ако поради посебен интерес не им се достават или доделат ексклузивни или посебни права. Пак нешто ексклузивно, пак некои посебни права кои пак треба да ги подведеме сите под терминот еднаквост.

Е, па, изборите господа, ама ексклузивно право и посебно право од една страна и еднаквост или принципот на еднаквост од друга страна, не може меѓу нив да има знак на равенство. Ако веќе некому давате ексклузивно или посебно право, тој ќе биде надвор од лојалната конкуренција, надвор ќе биде од целиот нормален тек на пазарот, затоа што со законот на тоа јавно претпријатие вие сте му дале ексклузивно, односно посебно право да врши определена дејност од јавен интерес.

Тоа многу пати се проткајува во Предлогот за донесување на закон, така што овој член ќе го поврзам, членот 2-а со Предлогот или со членот 15, во кој што повторно се додава принципот на еднаквост, а во исто време на другата страна имаме ексклузивни права или посебни права. Таквата формулација не држи и не може меѓу нив, од една страна да го бараме принципот на еднаквост и лојална конкуренција, а од друга страна на јавните претпријатија од икс причини, познати само на Владата на Република Македонија, да се даваат ексклузивни или посебни права.

Понатаму, во членот 8-б што се додава како нов член, се вели дека финансиските односи помеѓу државата, органите на општините и органите на Градот Скопје и јавните претпријатија и друштвата што вршат дејност од јавен интерес, треба да бидат транспарентни, така што јасно треба да прикажат до в) како ги трошат средствата, во ставот 2 транспарентноста на финансиските односи-ќе се применува особено во следните случаеви: при порамнување на загубите во работењето, во обезбедувањето на капиталот и тн. и пак, во ставот 3 имаме обврска за транспарентност. Која што, за да ви биде појасно, ќе ја прочитам: "Обврска за транспарентност на финансиските односи ќе се однесува на јавните претпријатија и друштвата што вршат дејност од јавен интерес".

Ова од ставот 3 го прочитав бидејќи го има и во ставот 1, но не ми е јасно зошто Владата инсистира на толкава транспарентност и на толку јавно прикажување на финансиските односи од една страна, а од друга страна, ќе повторам, на определени јавни претпријатија би им дала во иднина, бидејќи со законот се дава законска можност за тоа, определени ексклузивни или посебни права. Обврската за транспарентност сите ја знаеме, како една од нормите на работењето на сите демократски општества и нема потреба сто пати во истиот член, не во истиот закон, во истиот член да повикуваме на транспрарентност во работењето или во финансиските односи. Иако во некои јавни претпријатија потребно е такво укажување, со оглед на фактот дека останаа како затворен сегмент и до нив посебно, до оние јавни претпријатија основани од Владата до кои тешко можеше да се донесе, да се добие определена информација, иако, да ве потсетам го донесовме Законот за слободен пристап на информациите од јавен карактер, така што нема потреба со ово закон сто пати во ист член да се укажува на транспарентност или обврска за транспарентност при прикажување на финансиските односи.

Ако веќе правиме измени на овој закон, во кој што децидно се наведува како треба да се одесува јавното претпријатие при искажување на сите свои финансиски параметри, не можам да ја разберам или да го разберам ставот 4 во новиот член 8-в, што ќе го цитирам: "Транспарентноста (еве повторно) на финансиските претпријатија и друштвата што вршат дејност од јавен интерес," па "прецизирањето на водењето на сметководството, чувањето на финансиските информации, казнените одредби и тн. ќе бидат уредени со посебен закон".

Сега да праша, ако веќе носиме измени на Законот за јавни претпријатија, кој е тој посебен

закон, нов најверојатно, ќе треба да биде донесен, што ќе се однесува само на финансиското работење на јавните претпријатија? А измените на овој Предлог на закон се однесуваат токму во делот на финансиите или поголем дел од измените се однесуваат на финансиското работење на јавните претпријатија. Не ми е јасно на кој посебен закон се однесува тоа, што треба да се носи, за да може да се покажат транспарентно финансиските односи, казнените одредби и сето она на што се однесуваат овие измени. А, Минситерството за финансии неколку пати до сега ги смени финансиските закони во делот на усовршување или прифаќање на методологијата за сметководствени стандарди и тн. Така што ако веќе ги донесовме тие закони, тие закони ќе треба да се однесуваат и на јавните претпријатија, без оглед на тоа од кого се основани, дали од Владата, од општината или Градот Скопје, а не да бараме со упатувачка норма посебен закон во кој што ќе се утврди или ќе се покаже таа транспарентност на финансиските односи, прецизирањето на начинот на водењето на сметководството. Колку што знам, министерот за финансии со законите што ги донесе ова Собрание прецизираше како се води сметководството и Методологијата и апсолутно нема нужност од измени во овој дел на овој закон за јавни претпријатија. Доволно е та норма да биде упатувачка, не со посебен закон, туку со соодветниот закон од финансиската област, донесени од страна на Министерството за финансии.

И сега, пак доаѓаме, почитувани колеги, до една реченица која што гласи вака:

"Претставниците на јавното претпријатие на вработените во јавното претпријатие, по предлогот на Советот на вработените," тоа е членот 18 од Предлогот, а се однесува на членот 17 од Основниот закон, тие зборови се заменуваат со следниве зборови "имајќи ја во предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници". Мислам дека ние четири години дискутираме за оваа одредба, каде што треба и каде што не треба ја ставивме, во сите можни закони и неможни закони ја ставивме оваа одредба и не ме чуди што Министерството за економија и во овој закон ја ставило оваа реченица. Но, заборавил една друга димензија "согласно принципот на стручност и компетентност". Во некои закони и тоа го имаше. Оти вака, ако ние го запазуваме принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници, ние ќе го дерогираме принципот на стручноста на лицата кои би членувале во управниот одбор на јавното претпријатие, независно од кого е основано тоа јавно претпријатие. Да не се доведеме во ситуација, апелирам, да не се доведеме во ситуација, заради запазување на тој принцип на соодветна и правична застапеност, јавните претпријатија на кои се потпираат општините, согласно децентрализацијата и процесот на децентрализацијата што се одвива да не заборавиме дека тие општини се финансираат, определен дел од јавните претпријатија или се вршат услуги на граѓаните преку јавното претпријатие, да ја заборавиме стручноста во органот на управување, односно управниот одбор и да го замениме, само за да ги ставиме припадниците на сите заедници во управните одбори.

Или недостасува "согласно принципот на стручност и компетентност" или, како што реков на почетокот, Министерството за економија апсолутно е незаинтересирано за донесување на овој закон. Како некој друг да го пишувал, како Министерството за земјоделие да го пишувало, па го дало на Министерството за економија, пуштете го вие, па на собраниска седница ќе дебатираат, ќе зборуваат пратениците, мнозинството ќе го изглса и толку.

Со овој Предлог за изменување и дополнување на Законот, ставот 5 од членот 17 од Основниот закон, што се однесува на бројот на претставниците на вработените во Јавното претпријатие во Управниот одбор изнесува 1/3 од вкупниот број на членови, ставот 5 се брише. Претходниот став 4, што се однесува на тоа дека до изборот на Советот на вработените, членовите на Управниот одбор од редот на вработените се именуваат на предлог на организацијата на мнозинскиот синдикат во јавното претпријатие, се брише и таа одредба. Зошто е исклучен Синдикакот, согласно Законот за работни односи што го донесовме како револуционерен закон во делот на односите помеѓу работодавците и работниците, Синдикатот игра клучна улога, меѓутоа Синдикатот мора да претрпи определени трансформации, а не да биде за останат во просторот и во времето и да функционира на принципите од минатиот век. Значи, ќе треба и негова сериозна вклученост или негова сериозна реконструкција, но тоа е тема за дебатирање што за наредните четири илиосум години ќе може да се изведе, иако се укажува на целосната реконструкција на Синдикатот.

Она што мене ме буни при разгледувањето на овој Предлог за изменување и дополнување е членот 24. Сета тука треба да направам една споредба со Законот за локална самоуправа, со основниот текст на Законот за јавни претпријатија и со Предлогот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија.

Почитувани колеги, во членот 23 од основниот текст на Законот, стои: "Со работата на јавното претпријатие раководи директор што го именува односно разрешува основачот. Директорот на јавното претпријатие може да има заменик што го именува, односно разрешува основачот". Тоа е членот 23 од основниот текст. Она што го предлага Министерството за економија со овој Предлог треба да гласи вака: со работата на јавното претпријатие раководи директор што го избира наместо "именува", односно разрешува управниот одбор, а не основачот, како што е во основниот текст и додава дека директорот на

јавното претпријатие може да има заменик, всушност може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие. Значи она што го предлага Министерството за економија е наместо основачот, директорот на јавното претпријатие да го избира односно разрешува управниот одбор на јавното претпријатие.

Во членот 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа се вели дека "градоначалникот избира директори на јавни служби кои ги основала општината, односно врз основа на јавен конкурс". Мене ми се јавува дилема дали управниот одбор ќе го избира директорот, како што е предложено со Законот за јавните претпријатија или граданачалникот врз основа на јавен конкурс, како што е предвидено со Законот за локална самоуправа.

Во Советот на општина Штип имаме конкретен пример или практично како изгледа тоа нефункционирање. Советот на општина Штип врз основа на член 39 од Законот за јавни претпријатија го разреши директорот на јавното претпријатие, членовите на управниот одбор и членовите на одбор за надзор над материјално-финансиското работење. Градоначалникот на општината Штип стави вето на одлуката на Советот и именува в.д. директор на јавното претпријатие, односно вршител на должност, со времетраење веројатно, со оглед на тоа што во решението на директорот не постои колку време му е мандатот, меѓутоа, веројатно согласно Законот за јавни претпријатија, каде што во членот 40 се вели дека вршител на должност може да биде именуван за време најмногу од шест месеци, значи најверојатно на директорот на јавното претпријатие ќе му престане мандатот со истекот на овие шест месеци. Градоначалникот на општина Штип достави до Законодавно-правната комисија Барање за автентично толкување на членот 96 од Законот за локална самоуправа токму во делот на избирање или да се дефинира кој го избира директорот на јавното претпријатие, дали тоа е управниот одбор или градоначалникот. Согласно толкувањето на Законодавно-правната комисија на членот 96 односно Преодните и завршните одредби - значи сето ова е во контекст на членот 24 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија, одредбите од членовите 34, 50, став 1 точка 9 - она што ви го читав дека градоначалникот избира директор врз основа на јавен конкурс ќе влезат во сила на наредните локални избори. Локалните избори беа и поминаа, значи согласно толкувањето на Законодавно-правната комисија истата упатува дека е јасен членот 96 и нема потреба од негово толкување. Сега сеуште ми стои дилемата и јас мислам дека Министерството за економија треба да ја разреши таа дилема и да видиме дали управниот одбор го избира директорот на јавното претпријатие, дали тоа го прави градоначалникот согласно Законот за локална самоуправа како лекс генералис или има некоја трета солуција и дали градоначалникот во случај кога разрешувањето е извршено од страна на основачот на општината има право повеќе од 6 месеци или во наредни 6 месеци да му дозволи на вршителот на должност повторно да биде вршител на должност. Ако овој член 24 продолжите да го читате до ставот 3 ќе дојдете до следното решение или оној предлог што го дала Владата: со работата на јавното претпријатие основано од страна на општината, односно градот Скопје раководи директор што го избира градоначалникот на општината, односно градот Скопје врз основа на јавен конкурс. Значи, споредете го ставот 1 и ставот 3, ќе видите дека и управниот одбор го избира директорот и градоначалникот го избира директорот, но тоа не може, никаде во светот не може два органи да избираат исто лице. Ако веќе градоначалникот врз основа на јавен конкурс треба да го избере директорот, тогаш не може управниот одбор, или обратно, или управниот одбор, или градоначалникот. Вака ќе се испотепаат и управниот одбор и градоначалникот кој да го избере директорот на јавното претпријатие.

Во членот 25 став 2 се вели: "Директорот на јавното претпријатие основано од општината односно градот Скопје за својта работа одговара пред градоначалникот на општината, односно градот Скопје. Директорот вклучува договор со градоначалникот на општината односно градот Скопје за уредување на односите во јавното претпријатие во кое поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно закон". Значи директорот сега откако ќе помине јавен конкурс, веројатно ќе распише јавен конкурс, ќе конкурираат определена група на луѓе кои ги исполнуваат условите согласно Статутот на тоа јавно претпријатие, директорот ќе изврши избор. Ако го занемариме, или ако не го поврземе со членот 24 став 1 каде што управниот одбор го избира директорот на јавното претпријатие и сега тој ќе склучува договор со градоначалникот за да ги утврдат правата, одговорностите и овластувањата согласно законот. Како менаџерски договор склучен од ЕСМ и Панде Лазаров, кој Владата го крие како змијата нозете, па не можеме да видиме какви му се правата и обврските, какви му се одговорностите и кој надомест би го примал избраниот директор на јавното претпријатие за работите кои треба да ги врши откако ќе стане директор. Дискутабилно е прашањето за склучување ваков менаџерски договор ако е тоа целта на Владата, ама ние мора да ловиме меѓу редови и да откриваме што е целта на Владата.

Доаѓаме до членот 40 од основниот закон или членот 33 од Предлогот за донесување на закон. Во членот 33 се вели дека точката 1 се брише, во членот 40 став 1 точка 1 се брише. Точката 1 заедно со ставот 1 морам да ви ги прочитам, затоа што велат вака, па потоа да споредам колку немаат континуитет со претходните одредби. Во членот 40 ставот 1 се повикуваме на случаите од членот 39 од овој закон, тој како таков не постои во одредбите од основниот закон, кои ни се

дадени со Предлогот за изменување и дополнување. Значи не знаеме кој е членот 39, ќе мора да го бараме основниот закон во интегрален текст за да видиме на што се однесува членот 39, меѓутоа, во случаите од членот 39 од овој закон спрема јавното претпријатие основачот може да ги преземе следните мерки: основач најверојатно, со оглед на тоа што се е измешано во овој закон, треба да биде општината, односно градот Скопје, односно Владата. Значи може да ги преземе следните мерки: да го разреши директорот на јавното претпријатие. Таа точка со Предлогот на Владата се брише. Значи веќе основачот не може да го разреши директорот на јавното претпријатие, најверојатно Владата се повикува на членот 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа, каде што се надлежности на градоначалникот и каде што се вели само дека градоначалникот го избира директорот врз основа на јавен конкурс, а никаде не е наведено кој го разрешува директорот. По логика на нештата, ако веќе се пишува дека го избира, или разрешува директорот на јавното претпријатие, затоа што согласно Законот за локална самоуправа тоа право му е дадено на градоначалникот. Ама тука во нашиот Закон за локална самоуправа вели дека само го избира директорот, не се наведува кој го разрешува, затоа што и во членот 40 од Законот за јавни претпријатија токму се брише таа точка со која се вели дека основачот го разрешува директорот на јавното претпријатие. И пак не знаеме кој ќе го разреши директорот на јавното претпријатие. Има понатаму други надлежности, точки наведени во членот 40. Во членот 41 од основниот текст на законот вели: "ако биде преземена мерката од точката 1" - таа што ја брише Владата, значи да го разреши директорот на јавното претпријатие - "од овој закон, основачот именува вршител на должноста директор за време кое не може да биде подолго од 6 месеци", она што го направи нашиот градоначалник и именува вршител на должност во рок од 6 месеци. Сега овој став Владата го брише и останува само ставот 2, значи тој станува став 1, во кој се вели: "ако биде преземена мерка од точката 2", а таа е да го разреши управниот одбор, меѓутоа основачот, не градоначалникот, "основачот ги пренесува овластувањата на управниот одбор на еден или повеќе претставници кои се именуваат со мандат од најмалку 6 месеци". Јас сум правник, верувајте, во овој закон тешко можам да се снајдам. Се трудев сите можни закони да ги најдам и да го споредам овој закон со Законот за локална самоуправа, бидејќи нормално јавните претпријатија не се однесуваат само на јавните претпријатија основани од Владата, туку и на јавните претпријатија основани од општината и кои вршат дејности во соодветните општини, а секој од нас е жител на определена општина и ни е важно како јавното претпријатие ќе функционира, како јавното претпријатие ќе го остварува интересот на граѓаните, независно во која област е формирано јавното претпријатие. На оваа конфузија од закон Министерството пак не видело кога го менувало членот 44, кога го менувало членот 46 дека вршење на стопанска дејност од јавен интерес е малку застарен термин, да не се изразам поинаку и ако веќе го менувало членот 44 и членот 46, барем да биде изоставен делот "стопанска дејност од јавен интерес", а дури се бара со Предлогот на закон во членот 40 "се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавни претпријатија". Јас не знам зошто Законодавно-правната комисија се овластува кога изготвувачот на текстот треба да поднесе нов закон за јавни претпријатија, затоа што овој закон се менува заради потребите за комерцијализација и приватизација на јавните претпријатија и треба да биде солидна основа при неговата практична примена. Сега да "бркаме" 15 закони и измени на членови на веќе изменети членови, за да може овој закон да биде практично применлив.

Еве, јас ќе се извинам на Министерството за економија, не го видов членот 39 во кој во целиот текст зборовите "стопанска" и "стопанската" се бришат, така што во целина Законот за јавни претпријатија, со оглед на тоа дека реално постојат неусогласености меѓу овој закон и Законот за локална самоуправа, мислам дека Министерството за економија потребно е да размисли или да предложи амандман, со кој амандмански да интервенира, веројатно некои од другите колеги ќе имаат определени укажувања на овој предлог, за да може Законот за јавни претпријатија да може да профункционира така како што треба, со единствен цел јавните претпријатија да ја остваруваат дејноста од јавен интерес која на нас како граѓани ни е неопходна и нужба. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Голомеев, имате реплика, повелете три минути.

**Благој Голомеев:** Благодарам господине претседателе.

Би сакал да го искажам своето мислење за две работи, кои почитуваната колешка Којзеклиска ги спомна во својата дискусија, а со кои не можам до крај да се согласам.

Едната работа е околу ексклузивитетот кој овој закон го овозможува за одделни јавни претпријатија. Сметам дека сепак тој треба да постои. Иако ние се стремиме кон пазарна економија, меѓутоа сепак во рамките на јавните дејности постојат дејности кои можат да се означат сеуште како дејности од посебен интерес, а како на пример би го посочил водоснабдувањето кое не може никако да се третира исто со чистењето на улиците или со одржувањето на зеленилото посебно во познати единици за локална самоуправа. Сметам дека тука треба да се оди малку повнимателно во трансформацијата на оваа дејност и затоа водоснабдувањето би требало да има одреден

посебен третман односно јавното претпријатие кое ќе се грижи за водоснабдувањето на населението треба да има сигурно одреден ексклузивитет или посебен третман. Сигурно се сложувам дека чистењето на јавните површини, одржувањето на зеленилото треба час поскоро да се овозможи конкуренција и со тоа ќе се добијат и подобри услуги и поевтини услуги, а имајќи го во предвид и политичкото влијание во јавните претпријатија мислам дека нема простор ниту место за постоење на јавни претпријатија кои ќе имаат ексклузивитет и кои ќе се бават со овие споредни дејности. Кога се работи за водоснабдувањето сигурно тука треба и те како да се оди внимателно, иаконе ја отфрлам можноста и тука да се овозможат одредени пазарни законитости.

Другиот дел е околу усогласувањето на законот со она што претставува Закон за локална самоуправа. Мислам дека сепак законот е јасен, членот 24 став 3 се менува во стариот закон кој навистина предизвикуваше конфузија. Таква една конфузија беше посочена и во општина Штип кога беше наименуван директорот од страна на градоначалникот и од страна на Советот бидејќи со стариот закон знаевме дека директорот го именуваше Советот на предлог на градоначалникот, додека со новиот Закон за локална самоуправа тоа е чиста надлежност на градоначалникот и со членот и со ставот 3 со менувањето на ставот 3 јасно се укажува дека јавните претпријатија кои се основани од страна на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје дека директорите одговараат директно пред градоначалникот.

Градоначалникот е тој што ги поставува врз основа на јавен конкурс. Штом ги поставува тој јасно дека и тој ги разрешува. Тоа е една од главните должности на градоначалникот. Сметам дека нема ништо спорно.

Што се однесува до другите искажувања дека постои одредена конфузност во рамките на законот, мислам дека Министерството за економија можело, по мое видување, да направи еден поконзистентен текст, меѓутоа, сепак ваков каков што е, текстот е сосема јасен. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута за госпоѓа Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Делумно се согласувам со колегата Голомеов во делот на екслузивните и на посебните права дека треба да бидат за определени сегменти и во таа насока говорев. Ама, Министерството за економија со ваков Предлог за донесување на закон оди кон комерцијализација и приватизација, што не значи дека во иднина водоснабдувањето, согласно овој закон, нема да биде дадено како право или да се издвои како посебна единица, без оглед на тоа што е водоснабдување.

Во делот на членот 24, јас ќе тврдам, додека министерот односно заменик министерот за економија не се јави да објасни. Ако во членот 23 ставот 1 зборот "именува" се заменува со зборот "избира", што значи дека директорот го избира Управниот одбор, а постои поврзаност дека директорот го избира и градоначалникот, тука постои двојство и не може два органи да избираат една иста личност. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски имате збор (господинот Халими бара реплика).

Не можете да дадете реплика, бидејќи почна репликата, требаше да се пријавите откако репликите почнаа.

Господине Халили овде постои правило кое значи откако репликите ќе почнат, не можете да се пријавите за реплика. Затоа што ќе се случи да одговарате реплики на реплики, затоа што она што ќе слушнете во меѓувреме како контрареплика да одговорите. Тоа искуство го имавме на почетокот и така постои еден прећутен договор и сите го почитуваме. Можете да се јавите за збор, не е проблем.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги,

Колешката Којзеклиска изнесе толку забелешки, изнесе толку дилемим што не знам дали воопшто вреди да се повторува сето тоа. Мислам дека туак е министерот, има предложено некои амандмани, во меѓувреме може Министерството да ги поднесе амандманите и така да го подобри овој текст на закон кој е толку конфузен, во кој мислам дека и самото Министерство тешко се снајдува.

Предлогот беше уште на Комисијата за економија овој Предлог на закон да оди во прва фаза, да има забелешки и врз основа на тие забелешки и врз основа на тоа што денеска го говориме тука и искажаните сомнежи во однос на она што еве и кај почитуваните колеги од позицијата и покрај тоа што се обидуваат да ни објаснат дека овој текст на закон е многу чист, јасен и прцизен, очигледно е дека дилемите постојат и тие ќе останат до крај и до крајот на оваа расправа мислам дека нема да стигнеме до она што го побаруваме и што го сакаме.

Значи, Законот за јавни претпријатија првобитно е донесен 1996 година, и истиот претрпе измени во 2002 година, сега доаѓаме во една ситуација за која пред малку почитуваниот колега Голомеов кажа дека не можат сите јавни претпријатија да бидат од ист карактер, дека има некои кои се од посебен интерес и за кои треба да се води посебна грижа.

Тоа многу добро го објасни колешката Којзеклиска каде кажа дека на овој начин како што се формираат овие претпријатија ќе добиваме три јавни претпријатија, значи со посебен интерес, па претпријатие кое може да се подели на две, претпријатие од кое може да се издвои и друго претпријатие врз основа на финансирање на капитал од правни и физички лица и се во насока на она што значи натамошна приватизација.

Јас ќе го оправдам господинот Голомеов и Министерството за економија ако членот 2 за кој

толку споревме имаше уште еден став, дали тоа ќе биде став 5 или став 6 или кој како ќе го крстеше во Министерството за економија во кое она што отпадна од членот 2 биде назначено и треба да се каже тоа е тоа што е со посебна важност. Членот 2 во основниот закон гласи:

Како стопански дејности од јавен интерес се сметаат дејности или одделни работи од дејностите со кои се остваруваат јавниот интерес во енергетиката, железничкиот сообраќај и јавниот превоз на патници, одржувањето на патна мрежа, воздушниот сообраќај каде комуникациите и поштенскиот сообраќај, системот на радио и ТВ врски, цевоводниот транспорт на нафта и гас, стопанисувањето со шумите, водите, пасиштата и со другите видови на природни богатства, планирање и уредување на просторот, комуналните дејности, ветеринаство и спорт, како и во други стопански дејности утврдени со закон.

Сето ова е отпаднато и за поголем дел од ова знаеме дека е веќе приватизирано и функционира во некои други рамки. Тоа се јавни претпријатија кои ги формирала државата, во моментот се веќе АД и повеќе од нив веќе стануваат ДООЕЛ-и. Но, она што треба да го побараме сите е ова што го кажавте пред малку, кои се тие активности за кои треба да има посебни ингеренции и за кои Владата или општината треба да определи ситуација во која токму тие дејности се оние кои ќе бидат поддржани и од Владата и од општината и понатаму да имаат некој приоритет. Таква ситуација немаме, за жал, барем јас не ја читам тука затоа што во членот 2 сега во овој момент стои вака, од сето ова што го прочитав, ставот 1 се менува и гласи:

Дејности од јавен интерес се дејностите или одделни работи од дејностите со кои се остварува јавен интерес. И тулку. Се додава нов став 2 кој гласи:

Дејностите од јавен интерес ги вршат јавните претпријатија или друштва на кои им е доверено вршењето на дејностите од јавен интерес. Значи, јавни претпријатија или друштва. Функционираме во она што викаме го имаме јавното претпријатие, тоа може да се подели или во истото да биде прогласено за АД или да биде ДООЕЛ, тоа зависи само од тоа како ќе утврди директорот, Управниот одбор и градоначалникот или Владата.

Понатаму се додава нов став 4 кој гласи:

Во извршувањето на дејностите од јавен интерес треба да се почитуваат следните принципи: Сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите. Тука апсолутно нема ништо спорно, но спорното е ова што говоревме до сега, го нема никаде. Таква работа не постои. Подобро ќе беше да се каже дека сето ова треба да оди на приватизација и да се каже дека ова мора да биде ДООЕЛ, мора да биде АД и да прекинеме со јавните претпријатија затоа што понатаму како што стои во овој закон, предложеното решение од членот 11 со кое се менува членот 8 од постојниот Закон, имаме ваква ситуација:

Јавното претпријатие и друштво кое врши дејност од јавен интерес, дејноста ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна. Сега тука отпаѓа од она што значи основен закон, а тоа е членот 8 во кој се кажува: заради обезбедување на јавниот интерес, јавното претпријатие е должно дејноста заради која е основано да ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна. Истото што го има во членот 11.

Над јавното претпријатие не може да се отвори постапка за стечај. Во случај на настанување на услови за отворање и спроведување на постапка за стечај над јавното претпријатие, основачот е должен да преземе мерки за обезбедување на услови за непречено работење и функционирање на јавното претпријатие и да даде гаранции за исполнување на обврските на јавното претпријатие спрема трети лица.

Основачот може да одлучи јавното претпријатие да престане со работа ако настапиле услови за отворање постапка за стечај само ако претходно го обезбедил вршењето на стопанската дејност од јавен интерес на начин и постапка утврдени со закон.

Во овие ставови од овој член 8 треба да се задржи ограничувањето на јавните претпријатија во поглед на отворање стечајна постапка имајќи предвид дека истите се основаат за вршење на дејности од јавен интерес, како што кажавме претходно.

Ако дојдеме на начин така едноставно овие јавни претпријатија да ги пуштиме под стечај, а како што тргнале работите и многу општини ќе одат под стечај, тогаш не знам што ќе се случи, во секој случај не она што очекувавме од локалната самоуправа, не она за кое кажувавме дека треба да се префрлат и ингеренциите, но и правата на локалната самоуправа.

Со префрлувањето на правата општините добиваат ситуација во која јавните претпријатија можат едноставно да ги пуштат под стечај и во меѓувреме да формираат нови претпријатија. Кој како ќе обештети, гледаме дека општините имаат побарување од државната власт, државната власт кажува дека се префрлени ингеренциите, парите ги нема никаде и тука се прави тотална конфузија.

Јас кажав дека нема да се задржувам затоа што госпоѓата Којзеклиска многу работи објасни, би сакал да се задржам уште на два члена, мислам дека во новиот закон е член 18, а претходно членот 12 односно членот 8-б последниот став. Мислам дека овој дел треба да отпадне, тоа е обврската за транспарентност нема да се однесува на јавните претпријатија и друштва што вршат дејности од јавен интерес кои во секоја од последните две пресметковни години оствариле годишен бруто приход кој ненадминува 2.000.000 евра во денарска противвредност. Тоа е членот 8-

б последниот став. Таква работа не треба да постои, 2.000.000 евра се некаде 120.000.000 денари и мислам дека многу јавни претпријатија не стигаат до таа бројка и ако говориме за транспарентност, транспарентноста треба да биде очигледна и ова треба да биде евидентирано за да може секој да има увид во она што го работат јавните претпријатија.

Понатаму, многу спорниот член 18 за кој пред малку сакав да проговорам, значи во членот 17 од постоечкиот Закон ставот 2 се брише.

Тука има амандман со моите колеги од ВМРО-Народна партија, мислам дека повеќе време ќе си земам при објаснувањето на амандманот, но во секој случај и она што значеше забелешки од Синдикатот, кои дојдоа многу подоцна одкако е поднесен овој амандман, е тоа дека предложените измени кои се дадени во членот 18 не ги прифаќаат од неколку околности и тоа: се укинува правото на учество на вработените во Управниот одбор на јавното претпријатие по основ на трудот кое право е утврдено во членот 58 од Уставот на Република Македонија.

Не е во согласност со Европската легислатива, практиката и конвенциите на Меѓународната организација на трудот на работичката партиципација и што е уште поважно, затоа го поднесовме амандманот, мислам дека токму тој Совет на вработени и луѓето кои се во јавните претрпијатија најдобро ја познаваат работата и најмногу можат да помогнат во тој Управен одбор со своите видувања во континуитет што и како се случува и како тие функционираат, да бидат составен дел на тој Управен одбор кој ќе носи решенија.

Ова што кажавме дека е премногу симптоматично кој и како ќе го бира директорот, дали е тоа градоначалникот, дали е тоа Советот на општината, дали е тоа Управниот одбор, се прави еден галиматијас невиден во кој секој мисли дека е во право и се доведуваме во катастрофални решенија, всушност неработење на некои јавни претпријатија. Овој закон уште повеќе ќе ги усложни сите тие ситуации и мислам дека токму во тој дел треба да се внимава многу повеќе, значи членот 24 во кој треба да најдете решение или да се дефинира многу прецизно и точно, да се каже затоа што обврските за локалната самоуправа, јас се согласувам дека тоа е задолжение на градоначалниот, тој го има правото, негова обврска е, но и одговорност во однос на директорите на јавните претпријатија. Апсолутно нема да стане збор за тоа што некои од членовите се толку нетранспарентни или даваат можност за различно толкување , да не кажам кој како сака и кој како може да го прави сето тоа.

Би се задржал на членот 23.

Во членот 22 став 1, се менува и гласи:

Владата на Република Македонија односно општината по предлог на министерот надлежен за работите од соодветната дејност може да му даде на Управниот одбор на јавното претпријатие насоки од општ карактер во поглед на вршењето на одделни работи од делокругот на Управниот одбор утврдени во член 19 од овој закон, а кои Владата смета дека се од интерес на Република Македонија.

Сега тука говориме за локална самоуправа, за одговорност, за префрлање на ингеренции и наеднаш министерот кој почувствувал потреба треба да се јави во општината, па тој да пренесе на Управниот одбор, па Управниот одбор на директорот и почнуваме да работиме во една друга насока која во тој момент министерот мисли дека е во право.

Мислам дека ова е упад во ингеренциите на општината и на јавните претпријатија и на ваков начин не знам која е целта. Дали се мисли на елементарни непогоди, или за некои ситуации за кои треба конкретно целата држава, вклучувајќи ги и единиците на локалната самоуправа различно да функционираат, тогаш треба да го назначи. Вака како што е напишано секој може да го толкува како сака и во еден момент да почувствува потреба да се јави до градоначалникот или до Управниот одбор и на тој начин продолжува така како што продолжува.

Членот 25, многу спорен, барем за мене, затоа што на ваков начин како што е дефиниран ставот 3, јас ќе ве замолам да ми кажете каде во која држава во светот или во Република Македонија до сега ова функционирало или мислите дека ќе функционира.

Велите дека се што е под 2.000.000 евра нема да се гледа и нема да биде прикажана транспарентноста, значи се што е над 2.000.000. Сега, јас ќе ве прашам, директорот, членовите на Управниот одбор и члeнонвите на надзорниот одбор ако извршат односно донесат одлука за која знаеле или за која, со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука.

Одговорноста се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување. Што значи ова? Ако тие направат штета дека тие ќе треба неограничено до крајот на животот тоа да го исплаќаат. Неограничено, затоа постојат кривични дела, кривични пријави врз кои треба некој да одговара, не само Законот за трговски друштва, туку има и судови и тоа треба да се заврши. Ние завршивме цела приватизација, ги нема 3 милијарди, па никој ништо, сега јавно претпријатие што работи со 20-30 милиони денари тој треба доживотно неговата плата е 10 или 15.000 денари тој треба да работи три животи за да може да врати еден дел од ова што еве ја згрешил работата оти морал да знае дека не е така.

Мислам дека вака како што стои апсолутно не му е место во законот, се знае што е кривична пријава, се знае што е кривична одговорност, кој згрешил мора да одговара. Солидарно, едно

време Солидарност победи во Полска, но овде солидарно луѓето сваќаат нешто друго, сите сме криви никој не е крив и тоа така поминува години наназад и на крајот на краиштата сите стануваме безлична маса, што е многу жално и затоа треба да се побара одговорност .

Со овој став 3 од членот 25 вие одговорноста ја немате и би се задржал само на уште еден член, членот 36 во кој се кажува за една многу интересна ситуација, барем за мене, клаузула за ограничување на надоместокот на непосредниот вршител на дејноста од јавен интерес.

Надоместокот не смее да го надмине износот потребен за покривање на трошоците настанати при вршењето на дејноста плус разумна добивка. Сега, разумна добивка или, јас не знам, колешката рече дека е правник, јас не сум правник, ниту економист, воопшто не ми е јасно. А со овој закон вие што го донесовте, не знам на кого ќе му биде јасно, што значи разумна добивка. Сега јас ќе се обидам да ви објаснам една работа. Во Кичево имаме ситуација во која што јавното претпријатие собира ѓубре да претпоставиме по 50 денари, во Битола во меѓувреме ќе се гради некоја регионална станица во која што ќе се собира ѓубрето и тоа е веќе влезено во сметките на јавното претпријатие. Тука ќе биде 100 денари, разумната добивка ако е 20% кај нив, 20% кај другите, или 10%, се менува се во корен. Скопје утре сака Министерството за животна средина и просторно планирање да гради таму нешто во однос на отпадот кој што е радиоактивен, тоа ќе чини многу пари. Ако државата нема средства, ако тоа се префрли на јавното претпријатие и ако треба граѓаните да го платат, мислам дека ова е разумна добивка, за мене катастрофална работа и не знам, треба да се дефинира. Ако стои некаде дека струјата, или тој што произведува и тој што е дистрибутерот, таа разумна добивка се движи меѓу 5 и 10%, треба да се дефинира. Така што да се знае што е и како е и која е одлуката на општината, на државата, на сите овие што ги формираат јавните претпријатија. На ваков начин мислам со тие термини кои што јас како техничко лице ми се неприфатливи, разумна, или како што беше пред малку спомнато, солидарна, или неограничена, неограничена нема никаде. Имате казна, ако некој направил грешка, ако некој направил тоа што е против фирмата си следи кривична пријава, си има суд, тој одлучува, колку може да се врати, ќе се врати. А тука вие да натерате некој што зема 10 илјади денари и тој надзорен, управен и директорот заедно со нив да враќаат цел живот не ќе можат да вратат ниту 50% од сето тоа. Затоа мислев дека е добро да го повлечете законот, денес да оди како прва фаза, да се искажеме сите со нашите забелешки и да излезете со еден прочистен текст, тоа да не го прави Законодавно-правната комисија, туку Министерството за економија да излезе со еден чист текст и да можеме да видиме што во случајот сака Министерството за економија, кои се овие тројства, дали ќе треба да постојат, дали се потребни, дали некој ги предвидел, или е чист пропуст. Морате вие тоа да го кажете. Ние само можеме да претпоставуваме и секој да го толкува законот како што сака, што сигурно дека никој не го сака. Ова е законодавен дом и оттука треба да излезе еден прочистен текст кој што ќе помогне и во јавните претпријатија и во единиците на локалната самоуправа и на крајот на краиштата кај вас во Владата на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Има збор заменик министерот за економија, господинот Саша Андоновски.

**Саша Андоновски:** Благодарам господине претседателе. Јас само би замолил да не се политизира текстот на законот, бидејќи има одредби кои што се прилично јасни, а двосмислено се толкуваат овде на собраниската говорница. Воедно би сакал да сугерирам, кога ќе се коментира одреден текст на закон да се земат и амандманите кои што се и предложени, или прифатени. Во делот на член 24 за ставот 3 пречистениот текст на овој член ќе гласи со оглед на амандманите на Законодавно-правната комисија: со работата на јавното претпријатие основано од страна на општината, односно градот Скопје раководи директор што го избира, односно разрешува градоначалникот на општината, односно градот Скопје.

Понатаму, одговорноста, солидарната одговорност која што се посочи од претходниот пратеник која што упатува на Законот за трговски друштва. Во Законот за трговски друштва постои одредба член 362 за одговорност на штета каде што се предвидува издвоено мислење на член на Управен одбор дадено на записник во кои случаи и т.н., се објаснува, не одговара член на управен одбор кој што гласал против одредена одлука, а таа нанела штета на јавното претпријатие. Што значи и тоа е регулирано. Сега навистина понатаму не би сакал по секој член да коментирам. Меѓутоа, навистина треба текстот на Законот, или барем на членот да се има во целина во предвид, а не парцијално да се гледа, а да се извлекуваат коментари врз основа на првиот став, а коментар за третиот и т.н.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика господинот Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Господине заменик министер, вие сега се обидовте да ни кажете нешто и се повикувате на еден Закон за трговски друштва, се повикувате на Закон за единици на локална самоуправа, се повикувате на не знам кој закон, овде пред нас имаме текст на закон кој што вие го крстивте: изменување и дополнување во кој што стои член од постоечкиот Закон, се менува зборот, запирка, точка, три реченици ги нема, три реченици додавате и сега вие пратениците ќе ги натерате да ги побараат сите овие закони вие што ги кажавте. И покрај тоа што ги побаравме и уставно толкување добиваме погрешно дека, еве ова што го кажа госпоѓата Којзеклиска дека е во ред. Според вас ова испаѓа дека не е во ред. Сега кому ние да веруваме, на Уставниот суд, на вас што предлагате еден толку конфузен закон. Затоа

викаме да се донесе во две фази. Направете го законот како што треба, донесете го и повикајте се, член тој и тој е од Законот за трговски друштва. Врз основа на член тој и тој од тој закон. Сега вие барате ние Законот за трговски друштва, затоа што еден член од овој повикувате на трговските друштва. Неограничена одговорност било таму дефинирано и тој што немало да гласа, немало да биде одговорен. Мислам несериозна работа. Ние зборуваме за Закон. Овој Закон утре ќе го читаат. Што мислите вие, дека сите ќе ги вадат пред нив сите службени весници од сите закони и врз основа на тоа ќе треба некој да одлучи дали директор ќе биде избран од управен одбор, од градоначалникот, или пак не знам кој ќе го назначи? Мислам дека вие треба да имате сериозен однос кон Парламентот и ова што го предлагате апсолутно не личи на закон. Ова е конфузија, ваша конфузија и ги терате и пратениците да влезат во таа конфузија.

**Љупчо Јордановски:** Јас не знам што е работата на правниците и адвокатите, туку да ги читаат законите и службените весници.

Три минути реплика госпоѓа Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Она што го укажа заменик министерот и повикувајќи се на амандманот 9 поднесен од Законодавно-правната комисија, а со нив се согласил повереникот на Владата на Република Македонија суштински не го менува ставот 3 на членот 24. Истото е кажано, само тука има точка и се додава нова реченица и се додава дека покрај тоа што го избира и го разрешува. Во ред.

Ставот 1, почитуван претседателе на Собранието, почитуван заменик министер, се уште останува нејасен. И ве молам прецизно да ми одговорите, кој го избира директорот на јавното претпријатие согласно вашиот предлог за измена на делови од речениците во членот 23 став 1 од основниот текст. Вака како што е пишано, ќе видите дека и управниот одбор го избира директорот и градоначалникот на општина таа и таа, во конкретниот случај Штип, го избира директорот на јавното претпријатие врз основа на јавен конкурс кога се работи за градоначалникот. А кога се работи за управниот одбор, вие не наведувате дали има јавен конкурс, дали навистина управниот одбор го избира директорот. Затоа ве молам прецизно да ми одговорите, да го земете во предвид ставот 1, не ставот 3. Мене ставот 3 ми е јасен, затоа што е во согласност со членот 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа. Барам да ја разрешите дилемата која постои кај мене и кај другите пратеници и кај управните одбори на јавните претпријатија. Значи, дали тие го избираат директорот на јавното претпријатие, затоа што вие со вашиот Предлог на закон тоа го имате предложено така. Такви измени нудите. Значи, уште еднаш барам од вас да ми кажете прецизно.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Џевдет Насуфи.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине претседател, дами и господа пратеници.

Сметам дека Законот за јавните претпријатија е еден од значајните закони, системски закони и како таков последните години има доживеано неколку измени и дополнувања. Знаете дека не помина долго време откако сме го донеле и Законот за водите, или Законот за установите и карактеристика на двата закона е тоа што објект на дејствување на претпријатијата, или установите кои што се уредуваат со овие два закони е јавниот интерес. Можеби имаме и нејаснотии, терминолошки, правни и т.н. и ова е присутно, тоа се гледа и кај предлагачот. Додека кај првиот закон кој што е во однос на установите имаме одредби кои што се донекаде доволни кои што говорат за преобразбата на капиталот, или трансформацијата на капиталот во установите. За жал, во овој Закон многу малку, или воопшто немаме одредби за трансформација или преобразба на капиталот на јавните претпријатија. Додека во практика ние веќе правиме трансформација, или преобразба како што е на пример, значи, трансформација на поштите, на Телеком, конкретно на Електростопанство и т.н. Затоа мислам дека Владата, конкретно предлагачот на Законот не е кохерентен со времето. Затоа што актуелен тренд е јавните претпријатија да се подложат на конкурентноста, меѓутоа на конкурентноста не можат да се подложат меѓу себе кога имаме само едно јавно претпријатие, на пример, да речеме на ниво на општина, или држава кое што управува било со водата, со канализација, со патишта и т.н.

Од друга страна не се либерализира пазарот преку приватизација, или преку другите форми на трансфер на државниот капитал. Ова за жал ја изразува тенденцијата на Владата се уште било преку локалната самоуправа, било преку централната власт да има контрола врз овие претпријатија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Насуфи, дозволете во мое и од ваше име да го поздравам присуството на денешната седница на Собранието, на претседателот и членовите на делегацијата на групата за пријателство со Република Македонија на Парламентот на Република Австрија на чело со претседателот на групата, госпоѓа Урлике Лаучер.

(Аплауз)

Повелете, продолжете.

**Џевдет Насуфи:** Ви благодарам господине претседателе. Мислам дека ќе беше многу попозитивно доколку измените и дополнувањата на Законот за јавните претпријатија се направеа во оваа насока, а не во насока на зачувување на присутноста и на понатамошната присутност со упорност и тврдоглавност на државата и на локалната власт во управувањето со јавните претпријатија. Кога знаеме дека јавните услуги се скапи, кога знаеме дека јавните услуги се неефикасни, кога знаеме дека јавните услуги се неквалитетни токму од причина што не се

подложени на конкурентноста. И нивното приватизирање, или другите форми на трансформација, или преобразба се имедијарна, или итна потреба.

Во контекст на оваа забелешка што ќе ја споменам, ќе го додадам членот 12, или измената на членот 8 од Законот. Членот 8-б каде што се вели дека финансирањето, значи финансиското дејствување во времето и во определени етапи ќе се балансира, или ќе се изедначи и т.н.

Понатаму, се продолжува, дека државата или некој друг ќе обезбеди капитал за овие компании. Во истиот член се вели дека "добиениот профит, или поврат на стасаните суми, давање неповратна помош, или заеми под поволни услови и т.н.". Самата оваа формулација, за жал, покажува дека доколку се оди и во приватизација на јавните претпријатија, тогаш државата можеби на овој начин се обврзува во случај на загуби, или во случај на неодговорно делување, или работење, тогаш државата како што и дејствува, или општината како што и дејствува во такви случаи, тогаш ја презема и одговорноста за компензација,или надоместок на загубите. Затоа во оваа прилика доколку говориме за здруженија, или друштва, а во членот 3 се спомнуваат тие. Сега дали во оваа категорија влегуваат и друштвата кои што сега ќе преспозираме дека можеби не е ниту државата, ниту општината, ниту градот Скопје, туку тоа се приватни субјекти физички и правни лица, дали ќе се спроведува овој член, ќе важи и за нив така како што го имаме и членот 8-б , односно измената предложена со членот 12 каде имаме друг аспект кој што аспект покажува дека државата потполно ја контролира дејноста на јавните претпријатија, било да се тие и приватни друштва, или друштва на правни, или физички лица. Конкретно ќе го цитирам за да биде јасен и за пратениците и за предлагачот на Законот и за граѓаните. Затоа што доколку јавното претпријатие врши дејности од јавен интерес, тогаш е обврзано да има посебна евиденција, или другиот став каде што се вели дека доколку има ексклузивно право за јавна дејност, тогаш исто така треба да има посебна финансиска евиденција. Значи, се мисли на финансиска евиденција.

Во точка 3 се вели дека овие претпријатија или овие субјекти добиваат државна помош и откако ќе ја добијат таа помош, се разбира, треба да имаат и посебна евиденција. Значи, присуството на државата е во таа форма која не дозволува овие претпријатија, било да се тие посебно, доколку се друштва, не дозволуваат да бидат дискретни во својата работа. Да го развиваат бизнисот, кој што има и свои тајности. Меѓутоа, ги поврзуваат на тој начин се да биде толку јавно, што интересот на приватниот капитал за да се инвестира во овие претпријатија, паѓа интересто. Никој од бизнисот нема интерес да инвестира во едно јавно претпријатие, да ги дава своите средства, а од друга страна да биде контролирано на екстремен начин.

Мислам дека во овој контекст имаме уште еден член, а тоа е членот 27 или измената која што се прави во членот 26, во кој член овие претпријатија се обврзани да основаат или да поседуваат посебни органи, значи надзорни одбори за контрола. Мислам дека државата треба да има други механизми и тие механизми се многу добро цитирани и во Законот за установите и мислам дека треба да има балансирање меѓу овој закон и тој закон за уставновите, со цел доколку утре или задутре дојдеме до трансфер на капиталот на масовен начин, затоа што секаде во многу земји во светот денес услугите било за вода или за канализација, било од патната мрежа или на управување со шумите, таквите услуги се дадени или во концесија или се приватизирани или на некои други форми се трансферирани. На тој начин се обезбедува квалитет на услугите, се обезбедува ефективитет на услугите и вообичаено услугите за граѓаните се поефтини.

Ние настојуваме да бидеме во тек со Европа, со современите развојни текови. Вие и самите гледате дека во овој закон се користи поимот "корисници на јавниот интерес". Секаде во светот за овие дејности се употребва терминот клиентела. Од причина што се избегнува поимот "корисник" кој што е од минатото, затоа што корисникот на јавната услуга е секој граѓанин плаќа за таа услуга. Како плаќа, бидејќи плаќа, тој е клиент. Затоа, треба да се однесува со одговорност тој што ја врши таа услуга. Во практиката на развиените земји покажува, меѓутоа ина земјите кои што ја поминаа транзицијата дека вообичаено приватниот сектор е поадаптибилен и поприспособлив овие услуги да ги даде на поквалитетен начин и да ги даде во послободна форма итн.

Затоа, моето мислење е дека Владата и предлагачот немале потреба да брзаат што се однесува на измената на овој закон, од причина што не сме добиле речиси ништо со оваа измена и дополна. Ќе беше добро Парламентот да се согласи со предлогот да се оди во две фази, со цел да се даде простор, посебно на процедурите за трансфер и за преобразба на капиталот во овие јавни претпријатија кои што ги оснива Владата, Републиката и тие што ги основа општината и Градот Скопје, а кои што сега се веќе и основани речиси секаде.

Мој предлог е овој закон да оди во две фази и повторно да се разгледа и да се преиспита со цел да предложиме еден поквалитетен закон, посодржински и тоа ќе биде за доброто на сите граѓани. Благодарам господине претседател.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Насуфи.

Госпоѓо Којзеклиска имате реплика?

**Марија Којзеклиска:** Имам кратко нешто да кажам.

**Љупчо Јордановски:** Да видиме колку е тој збор кратко. Повелете.

**Марија Којзеклиска:** Не се искажав, благодарам претседателе, значи амандманите поднесени од Законодавно-правната комисија, десет на број кои се однесуваат за измените и дополнувањата на законот за јавни претпријатија, како што прочитав пред малку со овие амандмани се согласил повереникот на Владата на Република Македонија, па се надевам согласно нашиот Деловник дека пракса е, претседателе, вие да прашате дали претставникот на Владата се согласува. Значи, претставникот ни кажа интегрално да ги гледаме, со што индиректно ни посочи дека сите амандмани од страна на Законодавно-правната комисија ќе бидат прифатени, иако тоа јасно, прецизно и гласно не го искажа и тоа допрва треба да го стори.

Јас пак ќе се вратам на оно фамозен член 24, затоа што очигледно е дека од Министерството за економија молчат во делот на образложението на овој закон, ама јас ќе им го прочитам она што тие го напишале на страна 14 во образложението на предлогот на законот, претпоследниот пасос, втората реченица. Претседателеле, вие потрудетесе да разберете што ќе кажам и можеби ќе му укажете на заминик министерот и тој да го преоцени неговото предложено решение. Цитирам: "Понатаму предвидено е директорот на јавното претпријатие да го избира и разрешува управниот одбор и тоа на јавен конкурс, а да се направи и усогласување со Зконот за локална самоуправа во делот на изборот на директор на јавното претпријатие основано од општината односно Градот Скопје" и прецизирано е дека "директорот на овие јавни претпријатија го избира градоначалникот на општината односно Градот Скопје врз основа на јавен конкурс". Значи, од почетокот до крајот на реченицата во образложението на предлогот за изменување и дополнување на Законот постојат две контрадикторности. Во првиот дел " го избира и го разрешува управниот одбор", а во вториот дел "го избира и разрешува градоначалникот на општината односно Градот Скопје".

Уште еднаш апелирам од страна на Мистерството за економија да биде разјаснета оваа дилема за кој го избира и кој го разрешува директорот на јавното претпријатие основано од општината. Затоа што, ако се однесува на директор на јавно претпријатие основано од Владата, измените во останатиот дел од текстот убаво кажуваат, со додавање на нов став каде што се надлежностите на управниот одобор дека управниот одбор го избира и го разрешува директорот на јавното претпријатие основано од Владата на Република Македонија. Значи, прецизно е формулирана таа одредба.

Друго што сакам да укажам е членот 16 од основниот текст на Законот или конкретно членот 20 вели дека "органи на јавното претпријатие се, прво, управниот одбор, второ, надзорниот одбор и директорот". Значи, сите си имаат свои ингеренции и свои надлежности. Вака како што е прецизирано и формулирано согласно номенклатурата правна, најголема тежина на органите на управување во јавните претпријатија ја има управниот одбор, потоа надзорниот одбор, а директорот како последен ја извршува деловната политика утврдена во јавното претпријатие итн, како што е наведено во надлежностите.

Значи, барам прецизен и јасен одговор на поставеното прашање. Да не го повторувам. И мене ми се смачи претседателе, не на вас, ама упорно молчат од Министерството за економија, најверојатно имаат некоја причина. Јас ги повикувам да го објаснат она кое што како дилема мене ми се наметнува. Значи, ова се однесува на членот 24 став 1. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, мора да ви е јасно во овие 15 години, покрај правната номенклатура, има и експертска номенклатура. Експерти правеле некои закони, па затоа го имаме и ова.

Повелете заменик министре за економија.

**Саша Андоновски:** Искрен да бидам, збор земам, господине претседателе, само затоа што мислам дека се јасни одредбите од законот, иако во принцип мислам дека Собранието не е квискотека. Јас не знам што не е јасно. "Со работата на јавното претпријати основано од страна на општината односно Градот Скопје, раководи директор кој го избира односно разрешува градоначалникот на општината:. Ставот 1 се однесува на јавни претпријатија основани од државата, т.е. од Република Македонија, од Владата. Јас навистина не знам како треба да се напише за да го сватите.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, кажете како треба да се напише.

**Марија Којзеклиска:** Претседателе, изгледа заменик министерот не сака да слушне. Ако го прочита членот 25 или наредниот член, убаво во ставот 1 вели "директорот на јавното претпријатие основано од Владата". Таму прецизно е наведено. Овде го менуваат основниот текст на членот 23, каде што никаде не се зборува дека е тоа јавно претпријатие основано од Влада, туку вели:"Со работата на јавното претпријатие раководи директор". Ако се мислело на јавно претпријатие основано од Владата, требало така да гласат измените. Вака, изгледа дека се однесува на сите видови јавни претпријатија, не зависно дали ги основала Владата, дали ги основала општината, дали ги основал Градот Скопје, за да после во ставот 3 допрецизираат во делот на јавните претпријатија основани од градоначалникот на општината односно од Градот Скопје.

Значи, никаде во ставот 1 не е наведено дека се однесува за директор на јавно претпријатие основано од Владата на Република Македонија, како што убаво си пишале дека го избира и разрешува директорот, управниот одбор во јавното претпријатие основано од Владата. Или, тоа е кога ги правеле измените на членот 19 со додавање на нова точка 11. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Тука давам пауза до 15,00 часот, а потоа ќе преминеме на гласање по заклучокот.

Пауза за ручек до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,03 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места, а сллужбите да ги пребројат присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Во салата има 58 пратеници.

(Некои пратеници влегуваат во салата.)

Во салата имаме 62 пратеници.

Предлог заклучокот: "Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија" го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 63 пратеници 52 гласале, 46 за, еден воздржан и 5 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници, 58 гласале, 46 за, нема воздржани и 12 против.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 12 во новиот член 8-б, став 1 за менување на точка 2 и тој е составен дел на Текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 во новиот член 2 став 2; член 7 во новиот член 4-б став 2; член 12 во новиот член 8 став 3 точка 3; член 12 во новиот член 8-б став 1 точка а, б и в, и на став 5 член 15, член 18 став 4, и за менување на член 22; член 23 за менување на воведната реченица и на став 1; член 24 став 3 и за додавње нова реченица на став 3 и на член 27 став 1 за додавање нова реченица.

Пратениците: Спиро Мавровски, Ѓорѓи Трендафилов, Блаже Стојаноски, Драго Шајноски, поднесоа амандмани за менување на член 18 и на член 25 за менување на став 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 2-а став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Гои молам претставникот на Владата да се произнесе во врска со сите амандмани на Законодавно-правната комисија , каде што се согласи повереникот на Владата, дали ги прифаќа или има некој што издвојува.

**Саша Андоновски:** Се прифаќаат сите амандмани на Законодавно-правната комисија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Амандманот на член 7 во новиот член 4-б, став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на Законот.

Амандманот на член 12 во новиот член 8-а став 3 точка 3 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на Законот.

Амандманот на член 12 во новиот член 8-б, став 1 точка а, б и в и на став 5, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на Законот.

Амандманот на член 15 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 18 поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Ѓорѓи Трендафилов, Блаже Стојаноски, Драго Шајноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сашо Андоновски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски имате збор, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Амандманот е предложен за менување на член 18 од претходниот закон каде што се менува членот 17, затоа што и Владата поднесува нов член 18 каде што се кажува дека во членот 17 ставот 2 се брише, а во ставот 3 кој станува став 2 зборовите: "И претставници на вработените во јавното претпријатија по предлогот на советот на вработените", се заменуваат со зборовите "имајќи ја во предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници" и ставот 4 се брише.

Значи, постоечкиот член 17 во основа гласи: "Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од најмалку 5, а најмногу 15 членови.

Во јавното претпријатије се формира Совет на вработените", значи ова се брише.

"Во Управниот одбор основачот именува односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето во јавното претпријатие и претставници на вработените во јавното претпријатије по предлог на советот на вработените.

До изборот на советот на вработените членовите на управниот одбор од редот на вработените се

именуваат на предлог на организацијата на мнозинскиот синдикат во јавното претпријатие.

Бројот на претставниците на вработените во јавното претпријатие во управниот одбор изнесува една третина од вкупниот број на членови и времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор не може да биде подолг од 4 години".

Значи, тука е избришано она што беше "претставниците на вработените во јавното препријатие", се брише "Советот на вработените" и затоа ние предложивме еден амандман кој гласи:"Членот 18 се менува и гласи: "Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од најмалку пет, а најмногу 15 членови.

Во јавното претепријатие се формира совет на вработените.

Во управниот одбор основачот именува односно разрјешува претставници од редот на афирмирани и познати стручнаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие и претставници на вработените во јавното претпријатие по предлог на советот на вработените имајки ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедниците.

До изборот на советот вработените,членовите на управниот одбор од редот на вработените се именуваат на предлог на организацијата на мнозинскиот синдикат во јавното претпријатие.

Бројот на претставниците на вработените во јавното претпријатие во управниот одбор изнесува една третина од вкупниот број на членови и времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор не може да биде подолг од 4 години."

Значи ова е нашиот предлог, ова е нашиот амандман кој што го предложивме, а мислам дека заменикот министер би требало да го прифати, затоа што кажав, а тоа е забелешка и на Синдикатот дека со ова се укинува правото на учество на вработените во управниот одбор на јавното претпријатие по основ на трудот кое право е утврдено во членот 58 од Уставот на Република Македонија и не е во согласност со европската легислатива и практиката и Конвенциите на Мегународната организација на трудот за работничката партиципација.

Значи со овие две причини, а големи причини поради кои и го носиме законот -приближување до европската легислатива и придржување на уставноста за овој член може да падне и законот, затоа што е противуставен и врз основа на тоа и ина што е друго донесено едноставно да не може да функционира.

Мислам дека тука треба да најдеме разбирање и министерот трба да го прифати амандманот, или пак да донесе сопствен амандман во кој што она што значи совет на вработени да се регулира на некој начин и вработените да имаат дел и удел во управувањето и одлучувањето во јавните претпријатија. На овој начин им се одзема тоа право и мислам дека на Уставен суд целиот закон ќе биде невалиден и неважечки заради истото. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат за да преминеме на гласање.

( Некои пратеници влегуваат во салата)

Молам службите да го утврдат точниот број со оглед на тоа што дел од пратениците имаат средба со австриската делегација, да видиме колку ни треба за кворум, или да објавиме пауза. Ако успееме без пратениците што се таму да обезбедиме кворум ќе биде подобро.

Молам службите да утврдат колку пратеници се присутни.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање присутни се 63 пратеници, 48 гласале, од нив 13 за амандманот, нема воздржани, 35 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил претставникот, заменикот министер и тој е составен дел на предлогот на текстот.

Следниот амандман е за менување на член 22, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил претставникот, заменикот министер и тој е составен дел и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Амандманот на член 23 за менување на воведната реченица и на став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот, бидејќи се согласил претставникот на Владата.

Истото и за амандманот на член 24 став 3, за додавање нова реченица, поднесен од Законодавно-правната комисија, со кој се согласил и повереникот, а сега се согласи и претставникот на Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 25 за менување на став 3, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Ѓорѓи Трендафилов, Блаже Стојаноски и Драго Шајноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министерот за економија, господинот Саша Андоновски.

Повелете господине заменик.

**Саша Андоновски:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Маворвски:** Благодарам господине потпретседателе,

Се работи за промена на актуелниот член 24, сега во новиот закон е член 25, со тоа што членот кој што се менува гласи - Директорот, односно член на Деловодниот одбор одговара за резулатите за работењето и за законитоста на работата на јавното претпријатие. Директорот, односно член на деловодниот одбор одговара материјално за штетата нанесена на јавното претпријатие со извршување на одлуките. Одговорноста на директорот, односно член на Деловодниот одбор се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на членовите на Одборот, на директори, членовите на Управниот одбор. Тој член е сега променет и во новиот закон го имаме членот 25 во кој што има, барем според мене неколку нејаснотии и јас во мојот говор во однос на законот, ги искажав моите дилеми во однос на овој член. Значи ставот 1 сега е променет и гласи - Директорот на јавното претпријатие основано од Владата на Република Македонија за својата работа одговара пред Управноит одбор на јавното претпријатие. Директорот склучува договор со Управниот одбор за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно законот. Значи, тука Управниот одбор е тој што ги носи овие, сите што вие понатаму кажувате дека е склучен договор. Договорот го склучува само директорот, дека е назначен од Управниот одбор. Се деругото, мислам дека нема место во овој став.

Понатаму, директорот на Јавното претпријатие основано од општината, односно градот Скопје за својата работа одговара пред градоначалникот на општината, односно градот Скопје. Директорот повторно склучува договор со градоначалникот на општината, односно градот Скопје за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно закон. И сега она што го предлагаме со амандманот, тоа е промена на ставот 3, директорот, членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор, ако извршат односно донесат одлука за која знаеле или за која, со оглед на околностите морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговаат ограничено и солидарно, за штетата настаната со таква одлука. Одговорноста се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување. Значи сите овие ситуации, ако е извршен, ако донеле одлука за која знаеле или за која, со оглед на околностите морале да знаат, одговараат неограничено и солидарно за штетата, се предлага амандман во кој стои - Одговорноста од ставовите 1 и 2 на овој член се утврдува согласно постојните законски прописи кои се однесуваат на уредувањето на тие односи со Законот за трговски друштва. Мислам дека тука е се јасно, затоа што првите два става сте ги промениле и повторно и вие, на крајот од овој став, се повикувате на Законот за трговски друштва. Тоа - ако извршат, морале да знаат со оглед на околностите, мислам дека апсолутно треба да отпадне. Затоа го предлагаме овој амандман, за растоварување на текстот и ова што го имате ставено во ставот 3 мислам дека на овој начин ја добива правата функција и казните се соодветни на овој начин, затоа што и ние и вие се повикуваме на Законот за трговски друштва и тој е начинот на кој некој може да ја сноси одговоноста. Се другото мислам дека е само додавање на некои атрибути и епитети, во реченица која во закон мислам дека не би требало да биде. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Мислам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници гласале 58, 15 за амандманот, 3 воздржани, 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Следниот амандман е од Законодавно-правната комисија, на член 27. Со овој амандман се согласил повереникот, и сега претставникот на Владата и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници, 53 гласале, 44 за, 3 воздржани, 6 против.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија.

Овда завршуваме со оваа седница.

Остана уште една точка од оваа седница, но имам информации дека Министерството за одбрана ќе ја повлече за да го дополни законот со некои други членови, но тоа кога ќе дојде тоа известување. Со тоа фактички оваа седница е и завршена.

(Седницата заврши со работа во 15,35 часот)